**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1225/2022**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Шпаркасе Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул. Орце Николов бр. 54, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Договор за Хипотека од прв ред врз недвижност со својство на извршна исправа ОДУ.бр.117/17 од 31.05.2017 година на Нотар Виолета Петровска Стефановска од Скопје, против должникот/заложен должник Аети Реџеп од Скопје со живеалиште на ул. Методија Андонов Ченто 11 бр.33, за спроведување на извршување, на ден 01.03.2023 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на недвижноста - стан, помошни простории и подрум со следниве ознаки:
- КП бр.2154, адреса ул.Сава Михајлов бр.4 , број на зграда/ друг објект 1, намена на зграда А2-1 (станбени згради), влез 2, кат ПО, број 3, намена на посебен дел П (подрум), во површина од 6 м2, со право на сопственост;
- КП бр.2154, адреса ул.Сава Михајлов бр.4 , број на зграда/ друг објект 1, намена на зграда А2-1 (станбени згради), влез 2, кат ПР, број 3, намена на посебен дел СТ (стан), во површина од 52 м2, со право на сопственост;
- КП бр.2154, адреса ул.Сава Михајлов бр.4 , број на зграда/ друг објект 1, намена на зграда А2-1 (станбени згради), влез 2, кат ПР, број 3, намена на посебен дел ПП (помошни простории), во површина од 3 м2;

со право на сопственост на должник/заложниот должник Аети Реџеп, запишана во имотен лист бр.22553 за КО Сингелиќ-1 во Агенција за катастар на недвижности на РСМ – Центар за катастар на недвижности во Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **23.03.2023 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста е утврдена со заклучок на извршителот И.бр.1225/22 од 09.12.2022 година, а по предлог на заложниот доверител изнесува **2.200.000,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: заложно право – хипотеки во корист на заложен доверител Шпаркасе Банка АД Скопје; Налог за извршување врз недвижност.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот Игор Антевски со бр.**250-0104023201-72 која се води кај Шпракасе банка АД Скопје** и даночен број МК5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: заложен доверител Шпаркасе банка АД Скопје
должникот/заложен должник Аети Реџеп од Скопје
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

X

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување